РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-5498/2
15-04-2016 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016), Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта**

1. Се акредитира **Сојуз на хемичари и технолози на Македонија** за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по наставниот предмет хемија.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесена пријава за акредитација од Сојуз на хемичари и технолози на Македонија бр.12-5498/1 од 16.03.2016 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***Образложение***

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта на кој Сојуз на хемичари и технолози на Македонија поднесе пријава за акредитација бр. 12-5498/1 од 16.03.2016 година.

Согласно член 34 став (5) од Законот за основното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта му предлага на министерот за образование и наука акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр.19-15112/1 од 25.12.2013 година, односно Решение бр.20-8716/1 од 17.04.2015 година, утврди дека Сојузот на хемичари и технолози на Македонија ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, утврдени во член 34 став (7) од Законот за основното образование, ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и му предложи на министерот за образование и наука акредитација на истиот за период од три години согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
**Pishtar Lutfiu**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2